IX К.бр. 704/12

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ**, како првостепен кривичен суд во совет составен од судијата [redacted] претседател на советот и судиите porotници [redacted] и [redacted] членови на советот, со записничар [redacted] - судски работник, постапувајќи по обвинителниот акт на ОЈО од Скопје КО4.бр.491/11 од 23.02.2012 година, поднесен против обвинетите Стојанче Стоилов и М[redacted] П[redacted] двајцата од Скопје, за кривично дело - Насилство од 386 ст.2 вв ст.1 од КЗ, по одржаниот главен, јавен и усмен претрес во присуство на ЈО [redacted] првообвинетиот Стојанче Стоилов и неговиот бранител Р[redacted] Ѓ[redacted] адвокат од Скопје, второобвинетиот М[redacted] П[redacted] и неговиот бранител В[redacted] П[redacted], адвокат од Скопје и полномошникот на оштетениот А[redacted] С[redacted], адвокат М[redacted] П[redacted] од Скопје, на ден 13.03.2013 година, ја донесе и јавно објави следната:

**П Р Е С У Д А**

**ОБВИНЕТИТЕ:**

**1. СТОЈАНЧЕ СТОИЛОВ,** викан "Столе" со ЕМБГ [redacted] од татко К[redacted] мајка С[redacted] роден 30.04.1987 година во Скопје, каде и живее на бул."[redacted] Макдонец, државјанин на РМ, писмен со завршено средно образование, професионален ракометар во РК "Вардар" во Скопје, неженет, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

**2. М[redacted] П[redacted]** со ЕМБГ [redacted] од татко [redacted] мајка [redacted] роден 25.10.1987 година во Скопје, каде и живее на [redacted] државјанин на РМ, писмен со завршено средно образование, студент на трета година на Европски факултет во Скопје, неженет, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

**В И Н О В Н И  С Е**

**ЗАТОА ШТО:**

На 13.08.2011 година, околу 02,30 часот, во дискотеката "Хавана", лоцирана во Градскиот парк во Скопје, обвинетите Стојанче Стоилов и М[redacted], во група, ја загрозиле сигурноста на оштените А[redacted] С[redacted] и В[redacted] Ф[redacted] и им нанеле телесни повреди, на начин што заради љуомора предизвикана поради тоа што оштетениот А[redacted] се поздравил со гушкање со девојката на обвинетиот Стојанче, обвинетиот Стојанче испровоциран, му пришол на оштениот А[redacted] кој бил во друштво со неговиот другар – оштетениот В[redacted] Ф[redacted] и одненадеж отпозади и физички го нападнал, удирајќи го со тупаница во пределот на слепоочницата, од кој удар оштетениот А[redacted] паднал на подот, а обвинетиот Стојанче кому му се придружил и обвинетиот П[redacted], продолжиле да го удираат со клоци и тупаници по главата и телото, па во обид да ги раздвои, оштетениот В[redacted] Ф[redacted] бил удрен од обвинетиот П[redacted] неколку пати со бокс во пределот на главата, при што во тепачката превртеле маси, искршиле чаши и шишиња и го срушиле коњопјот, па наоколу имало расфрлано стакло, а присутните гости, исплашени за својата безбедност со чувство на загрозување и страв од ваквото однесување на обвинетите, се оддалечиле на безбедно растојание, додека оштетените од ударите задобиле телесни повреди и тоа оштетениот А[redacted] С[redacted] изразени во вид на набиеници и посекотини во пределот на главата и телото, а оштетениот В[redacted] Ф[redacted], изразени во вид на набиеници по главата.

Со горните дејствија обвинетите обвинетите Стојанче Стоилов и М[redacted] П[redacted], двајцата од Скопје сториле кривично дело - Насилство од 386 ст.2 вв ст.1 од КЗ, согласно цитираниот член и членовите 1, 4, 32, 33, 39, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ судот на обвинетите им изрекува алтернативна мерка:

**У С Л О В Н А  О С У Д А**

Така што им утврдува казна затвор во траење од по 1-ЕДНА ГОДИНА и истовремено определува дека казната нема да се изврши доколку обвинетите во рок од по 3-ТРИ ГОДИНИ од правосилноста на пресудата не сторат ново кривично дело.